Пропустите, неточностите и накарадните предавања на називите на населените места, како и на некои професии се многубројни во преводите на Бистра Цветкова. Ние приведовме само некои примери колку за илустрација од кои може сосема јасно да се види во некои случаеви и најелементарното непознавање на османско-турскиот јазик.

**М. Соколоски**

**КОЧО РАЦИН ВО СПОМЕНИТЕ НА СОВРЕМЕНИЦИТЕ. Избор и редакција на Перо А. Коробар. Култура, Скопје 1972, стр. 214.**

Деновиве македонската мемоаристика се здоби со уште едно драгоцено дело за крупниот поет и револуционер на македонскиот пролетаријат Кочо Рацин, трагично загинат во Народно ослободителната борба и Народната револуција во Лопушник 1943 година. Четириесет негови современици, најголем дел од кои негови неразделни другари од макотрпната борба и робија, помал дел негови краткотрајни и со стекот на опстојателствата соговорници или подржници на неговото поетско дело, ни раскриваат во своите сеќавања не само нови факти и непознати моменти од неговиот животен пат и револуционерна активност, туку и ни оцртуваат слабо или сосем незасегнати досега од нашата историографија политички страници од неговото време.

Одамна Кочо Рацин го заземе челното место на пролетерски поет и револуционер во нашата нова литература и литературните критичари и есеисти во своите бројни огледи ги оценија неговите високи литературни достоинства. Ние немаме намера да зборуваме за нив, туку за она што современиците на Рацина во своите сеќавања и разговори со него изнесоа на показ такви дела и активности, кои историјата на македонското работничко движење треба да ги прибере во својата ризница како драгоцени придонеси. Збор е за партиската и синдикалната активност на младиот Кочо Рацин, за неговата културно-просветна и масовна работа во работничките друштва и синдикални подружници.

Во сеќавањата на неговите современици младиот грнчар Кочо се исправува уште во својата 16-годишна возраст како страстен љубител на марксистичката литература и забележлив активист во работничкото и синдикалното движење во Велес, еден од најпролетерските градови на Македонија. Почнал 1924 како прост член на СКОЈ, па прочелник на скоевската ќелија 1925 година, преку својата секретарска активност во работничкото и културно-уметничкото друштво „Напредок" станал еден од најактивните организатори на културно-просветниот и забавниот живот на работните маси во Велес од 1924—1928 година. Веќе во 1927 година Рацин го зазема секретарското место на Месниот синдикален совет и членството на Месниот комитет на СКОЈ во Велес за да го оквалифику-

ва оваа негова богата и забележлива активност во синдикалното и работничкото движење за избран делегат на IV Конгрес на КПЈ во Дрезден 1928 година. Тоа е највисокото признание и дострел што Кочо Рацин го постигнал во својот роден град како партиски и синдикален активист.

Монархо-фашистичката диктатура и прогоните што настапија ја оневозможија неговата и премногу маркантна дејност во Велес, поради што Кочо Рацин преминува на работа во Скопје. Како коректор на в. „Вардар" во бановинската печатница во Скопје и истовремено член на КПЈ по нејзин налог 1933 го прима редактирањето на нелегалниот весник на Обласниот комитет „Искра" од кого издава два броја. Истовремено Рацин станува библиотекар и секретар на работничкото културно-просветно друштво „Абрашевиќ". Во овој период се паѓа и неговата крупна заслуга во обновувањето на партиските организации, разбиени од ударите на монархо-фашистичката диктатура, и нивното поврзување со новоформираниот Областен комитет и успешното поврзување на овој Областен комитет во кој и тој членуваше со ЦК на КПЈ во Загреб.

Движејќи се во средината на интелектуалците-партијци во Скопје и живејќи со еден од нив во заеднички стан, Кочо Рацин сè повеќе го проширува видокругот на своите марксистички познанија, се јавува на неколку пати со свои песни во прогресивните списанија, но не го заборава и својот роден град. Длабоко се засекла во сеќавањата на неговите современици и соборци неговата од Скопје организирана литературна вечер во Велес во м. јануари 1933 година со учеството на прогресивните тогашни студенти Радован Зоговиќ, Данило Лекиќ и други од Скопје. Оваа литературна вечер со својата содржина предизвикала таква бура кај велешката публика што по неа беа уапсени нејзините предавачи и организатори, а Кочо Рацин и претепан во велешката полиција.

При растурањето на партискиот весник „Искра" поради небудност паѓа во рацете на тетовската полиција, а заедно со тоа се открива и учеството на Рацин во неговото редактирање и печатење. Рацин бил уапсен и осуден на робија во Сремско-митровачкиот затвор каде лежел од 1934—1936 год.

Двегодишниот престој во затворот, каде тогаш ја издржувале својата казна крупните теоретски сили на КПЈ на чело со Моша Пијаде, Отокар Кершовани, Огњен Прица и др., означил во животот на Рацин проширување и зацврстување на неговите теоретски марксистички познанија, особено важни за неговото посистематско проучување на македонското национално прашање. Според сеќавањата на Страхил Гигов, во Сремско-митровачкиот затвор започнале првите обиди во преведувањето на Комунистичкиот манифест на македонски јазик, потоа приготвувањето на еден речник и граматика на македонскиот јазик. Со голем жар и страст Рацин учествувал, според сеќавањата на Страхил Гигов, во сите овие зафати, како и во издавањето на затворските весници „ЗЕП" и „Крокодил".

По излегувањето од затворот Кочо ја продолжил својата политичка и писателска активност. Во 1937-та година по повод смртта на

неговиот сограѓанин Ганчо Хаџи Панзов во Шпанија, одржал забележителен говор на неговиот помен. Учествувал со свои прилози во прогресивните списанија во Белград „Наша стварност“, „Уметност и критика“ и др., како и на нивното растурање.

Цела епоха не само во културниот туку и во политичкиот живот во Македонија претставува издавањето на неговата знаменита збирка песни „Бели мугри“ кон крајот на 1939 година во Самоборската печатница близу Загреб, нивното драматично пренесување и растурање во Македонија, како и незаборавните ефекти сред македонската јавност од содржината на Рациновите песни што ја одразуваа грубата експлоатација на ненародните режими и капиталистичката класа над македонското работништво и селанство.

Покрај големиот број на прилози во овој зборник од сеќавања поврзани со нелегалното пренесување на збирката „Бели мугри“ во Македонија и самиот бев жив сведок на френетичните аплаузи со кој беше пречекан хорски приготвениот текст на „Тутуноберачите“ и „Ленка“ на една приредба од прогресивните студенти во Прилеп, со цел од приходот да се купат 150 примероци од збирката „Бели мугри“ и да се растурат по селата на Прилепска околија, како најпогодно четиво за политичка мобилизација на селаните во претстојните борби против ненародните режими во бивша Југославија.

Дека ехото на оваа збирка далеку одекна и повлијаа за афирмацијата на македонската национална самобитност говорат во овој зборник од сеќавања прилозите на Димитар Митрев за ехото на збирката „Бели мугри“ сред прогресивната македонска емиграција во Бугарија и уште подалечното ехо сред раководните кругови на Коминтерната во Москва, за што раскажува во своите сеќавања Вељко Влаховиќ.

Сеќавањата на современиците на Рацина зборуваат и за најтрагичните и најгорчливите моменти од неговиот живот во врска со недоразбирањата помеѓу него и раководството на Покраинскиот комитет на КПЈ во Скопје, кое без да го сослуша му определило престрога партиска казна. Дека Рацин ја поднесол стоички оваа казна, уверен дека ќе мора да се повлече, говори неговата понатамошна политичка активност: неговото јасно и категорично определување за вооружена борба против фашистичките окупатори во Македонија; неговото дисциплинирано исполнување на задачите на Воениот штаб во Велес околу заминувањето во Азот и проверување на теренот за проектираните воени бази на првите партизани во Велешко; учествување во издавањето на весникот „Народен билтен“ во Велес како орган на партиската организација, потоа преминувањето во Скопје и издавањето на „Билтенот“ на Покраинскиот комитет на Македонија“; неговото апсење и интернирање во Неврокопското село Корница во ноември 1942 година и неговата нескршлива верба во победата на партизанското движење во Македонија и Југославија. Круна на неговата верба и самопотврдување беше неговото брзо заминување во партизани по излегувањето од интернацијата и неговиот трагичен крај во шумата кај Лопушник во 1943 година.

Патот на Рацин, неговата богата и разновидна политичка активност и нескршлива вера во победата на работничката класа, изразена во неговата неразделна од него поговорка „Ќе победиме“ што секогаш при секој поздрав ја повторуваше; неговите мисли и ставови и неговите 17 апсења и затвори во занданите на Југославија и надвор од неа ни го доловува во овој зборник од сеќавања на неговите современици ликот на овој неповторлив поет и револуционер на македонскиот народ.

Цртежите и сликите на неговите родители и другари, на неговата грнчарска работилница во која со својата макотрпна работа остави голем дел од својата младост, факсимилите на документите од неговото полициско досие, сликата од Сремско-митровачкиот затвор од робијата, факсимилите од ракописот на неговите песни и земјанката во која ги помина последните денови од својот живот и визуелно нè доближуваат до животната и општествена средина на големиот поет и револуционер.

Не би можеле сепак да не ѝ направиме и извесна забелешка на редакцијата на овој зборник што не вложила поголеми напори во хронолошкото подредување на сеќавањата. Иако најголем дел од нив се тешко податливи на овој принцип, сепак некои од сеќавањата можеле слободно да се прераспределат а кон нив, длабоко веруваме, дека би можеле да се приклучат и сосем нови впечатоци и сеќавања на неговите блиски другари и работници од Велес и другите краишта на нашата земја со што уште повеќе ќе се збогатеше нашето познавање на Рацин, неговата мисла и акција. Да се надеваме дека сето ова ќе може да се реализира во едно второ издание на овој зборник.

**Љ. Л.**

## Д-р ВЕЛИМИР БРЕЗОСКИ „ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1943“ (на територијата на СР Македонија) Издание на Институтот за национална историја — Скопје, 1971, стр. 415, поделено на шест глави со увод, заклучок и прилози

Во овој обемен труд, што обилува со драгоцени, многу од нив досега непознати фактографски моменти, за големите напори на македонските партизани и целиот народ во 1943 година, Брезоски успеал да ни разбистри и подредено јасно да ни ја престави вистината за тоа возвишено херојско време.

Од огромната архива и документација за 1943 година Брезоски ја вадел само сржта затоа текстот е стегнато-есенционален. Во овој научен текст на разводнувањето и дигресиите не им е дадено ни минимален простор. Самиот стег на речениците му помогнале на авторот со сигурност и одважно да оформува и донесува мислење за тој висок релјеф во нашето поблиско историско минато, за тие револуционерни настани во Македонија. „Народот сè помасовно пристапуваше кон движењето, зашто целта и задачите на партизанските одреди и на ослободителното движење му беа познати, блиски и произлегуваа од неговите национални инте-